**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

**ул. Антон Попов бр.1-4/5, Скопје**
**(02) 3246 851/852**

Бр. 02 -631/2
19.08.2020 година, Скопје

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 28, точка 25 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, на својата **15-та седница** одржана на **07.08.2020 година** ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

**СЕ ОДЛОЖУВА** одржувањето на настанот ''Македонски денови на стоматологијата'', прославата по повод 25-години од Основачкото собрание на Комората и традиционалниот 13-ти К4 - Конгрес за нови технологии и естетика во стоматологијата, кои беа предвидени да се одржат во Скопје, во периодот од 29.10 до 01.11.2020 година.

Поради настанатата состојба со пандемијата со Ковид 19 и спречување на ширење на вирусот, **настаните се одложуваат за периодот април-мај 2021 година.**

**Член 2**

За одложувањето на настаните ќе бидат известени покровителот на ''Македонски денови на стоматологијата'' - Претседателот на Република Северна Македонија – Стево Пендаровски, Претседателот на ФДИ и канцеларијата на ФДИ во Женева и партнерските комори членки на К4 Конгресот.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Извршен одбор на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

Стоматолошка комора на Македонија • СКОПЈЕ •